МРЕЖА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПЛАН ЗА КОМУНИКАЦИЈА И ВИДЛИВОСТ

**на Мрежата за рурален развој на Република Македонија**

**2019 - 2022**

**Скопје, мај 2019**

## Содржина


1. ВОВЕД ........................................ 3
2. МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................ 3
3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................ 5
4. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ........................................ 5
5. КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИ ........................................ 7
6. ЦЕЛНИ ГРУПИ ........................................ 7
7. КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ ........................................ 8
8. КОМУНИКАЦИСКИ АЛАТКИ ........................................ 8
   I. Веб страна ........................................ 8
   II. Билтен ........................................ 9
   III. Настани (состаноци, дебати, студиски патувања, работилници) ........................................ 10
   IV. Прашалници ........................................ **Error! Bookmark not defined.**
   V. Студии ........................................ **Error! Bookmark not defined.**
9. ЕВАЛУАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ........................................ 18
10. АКЦИОНЕН ПЛАН ........................................ **Error! Bookmark not defined.**

## 1. ВОВЕД

Планот за комуникација и видливост на Мрежата за рурален развој на РМ треба да обезбеди ефикасна комуникација и презентација на активностите на Мрежата за успешна промоција пред дефинираните целни групи на национално и меѓународно ниво. Овој план вклучува рамка за ефективна комуникација на стратешките цели и активности на Мрежата, за да се обезбеди управување со информациите, нивна правилна дисеминација до целните групи, кој и кога да комуницира, кој ќе учествува во комуникацијата и ќе го дефинира начинот на комуникација со внатрешната и надворешната јавност.

За да се постигнат специфични комуникациски цели, Планот се фокусира на комбинација на комуникациски алатки со дефинираните целни групи. Имено, овој документ ја дава дефиницијата на визуелниот идентитет, офлајн и онлајн активности, односи со медиумите, управување со настани, кампања за социјални медиуми и брендирање.

Планот за комуникација и видливост се состои од активности за комуникација и видливост, вклучувајќи и активности поврзани со медиумите, како и јавни настани, како што се обуки, работилници, семинари, конференции, тркалезна маса, форуми и манифестации.

## 2. МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Целта на Мрежите за рурален развој се размена на информации, полесна дистрибуција на информации, комуникација, лесна достапност на сите информации на сите актери на руралниот развој на еднаков начин и во исто време, а сé поради комплексноста на оваа област и различниот карактер и вид на актерите (заинтересирани субјекти) на руралниот развој.

Сојузот на граѓански здруженија "Мрежа за рурален развој на РМ-" МРР на РМ е формиран во 2010 година во Скопје, како движење организирано на национално ниво за да обезбеди глас за руралните заедници во Република Македонија.

Мрежата за рурален развој на Република Македонија е чадор организација која моментално соработува со 79 граѓански организации, членови кои се занимаваат со теми од областа на руралниот развој. МРР на РМ проценува дека 1500 лица се директно вклучени во активностите и дека нивната работа зафаќа околу 80 000 лица кои живеат во руралните средини во Македонија.

Членството во МРР на РМ континуирано се зголемува и претставува водечко движење за рурален развој во земјата. МРР на РМ ги претставува потребите на своите членови на локално, национално и меѓународно ниво. Работејќи на локално ниво, организациите-членки ги поттикнуваат луѓето, создавајќи ниво на одлука под општинските власти и тие придонесуваат во подобрувањето на локалната демократија. На национално ниво, тие обезбедуваат инпути и препораки кои се обраќаат преку МРР на РМ до различни типови на организации, владини тела вклучени во процесот на донесување одлуки со прашања поврзани со руралниот развој. На

меѓународно ниво, организациите членки се претставени преку Мрежата која е член на меѓународните мрежи за рурален развој PREPARE, ELARD и BRDN, како и преку нејзино учество на дебати, форуми, тркалезни маси, учество на саеми.

Организациите членки на МРР на РМ потекнуваат од целата територија на Република Северна Македонија. Тие се занимаваат со разни прашања, почнувајќи од земјоделството како столб на руралните средини, шумарството, економското зајакнување на жените, животната средина, културното наследство и диверзификација во руралните средини. Нивната главна улога е застапување и лобирање за решавање на проблемите на руралната заедница пред носителите на политиките за рурален развој.

Мрежата за рурален развој на РМ го поттикнува руралниот развој преку споделување на информации, идеи и добри практики. Мрежата, опфаќа субјекти од трите основни сектори и тоа граѓанскиот, бизнис секторот и јавниот сектор. *Граѓанскиот сектор* кој го сочинуваат здруженија на граѓани, нивните асоцијации (федерации, унии, коалиции и др.) има можност да продира најдлабоко во заедниците на локално ниво и да ги идентификува нивните потреби и воедно од нив да ги црпи идеите за разрешување на проблемите, врз чија база би се подготвувале конкретни проекти. Дополнително, овој сектор би играл и улога на коректив на јавниот сектор во процесите на подготовка на суштествените закони и документи предвидени со законите. *Бизнис секторот* претставен од унии, комори, асоцијации, федерации и слично ги претставува интересите на бизнисите кои работат или имаат интерес да работат во стопански гранки кои се поврзуваат со руралниот развој. Преку овој сектор ќе бидат застапени бизнисите од земјоделството, шумарството, водостопанството, туризмот, консалтингот, но исто така и малиот и семеен бизнис, но и индивидуалните земјоделци. Присуството на овие субјекти во мрежата е значајно особено при изработка на стратегии, на балансирање на иницијативите и презентација на идеи и активности кои ќе придонесат за намалување на сиромаштијата на руралните средини и подобрување на благосостојбата на жителите од овие подрачја. *Јавниот сектор* претставен од институциите на власт на централно ниво, институции на власт на локално ниво, како и нивни формални и законски здруженија, претставници на јавни научни и образовни установи, како и од претставници на националните, регионалните и локалните агенции се гарантира дека руралниот развој е во согласност и соодветствува со останатите развојни стратегии и планови, како на државата, така и на регионите и на локалните самоуправи. На крај, со тоа ќе се осигура дека руралниот развој е дел од севкупните активности поврзани со локалниот и регионалниот одржлив развој,и дека институциите од овој сектор ја подржуваат мрежата и нејзината работа во рамки на расположивите ресурси.

Во таа смисла, комуникациските активности на Мрежата треба да го поддржат и поттикнат успешното спроведување на мерките за рурален развој, вмрежувањето на субјектите инволвирани во развојот, размената на искуства и соработката.

Во рамки на овој План, субјектите од трите главни сектори се алоцирани во соодветна целна група со која Мрежата ќе оствари комуникација.

## 3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА РАБОТА НА МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ

Работата на Мрежата за рурален развој на РМ се заснова на добрата европска пракса и пристапот ЛЕАДЕР.

Мрежата во својата работа ќе ги следи следните начела:

**Одржлив рурален развој** кој се темели на зачувување и развој на капиталот на животната средина, човечкиот, социјалниот и креативниот/производниот капитал;

**Поддршка на особеностите** на руралните подрачја кои иако се слични, сепак се различни што треба да се има во предвид при планирањето на идниот развој;

**Поддршка на заедниците** во развојните процеси. Поддршката ќе биде наменета и за оние кои ги започнале овие процеси, како и за оние кои доцнат. На последните ќе се посвети посебно внимание;

**Пристап од долу нагоре** (**Bottom-up)** и широко вклучување на локалните заедници односно јавноста во развојните процеси;

**Развој на локални партнерства** и култура на соработка;

**Промоција** на вмрежувањето, соработката, синергијата во развојните процеси, размена на знаења и искуства;

**Поддршка на традицијата и промоција на иновативност** за искористување на традиционалните вредности;

**Промоција и поддршка на интегрални акции и секторско поврзување** при нивно превземање од страна на локалните и националните институции;

**Промоција и поддршка на сопственоста** на локалните проекти преку нивно локално управување и спроведување.

## 4. ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ НА МРЕЖАТА ЗА РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА РМ

Врз основа на анализата на опкружувањето, во кое се очекува да дејствува организацијата во престојниот период, како и земајќи го предвид досегашното искуство, односи со засегнатите и заинтересирани страни, но пред сѐ потребите на крајните корисници и капацитетот и очекувањата на членството, за периодот 2019 – 2022 МРР ќе се фокусира на остварување на нејзината визија и мисија и на општите стратегиски цели:

| **Визија** |
|---|
| Руралното население во Република Македонија живее и работи во инклузивна средина што поттикнува диверзификација и одржливост, овозможувајќи рамномерен развој и унапредување на социо-економските услови за живот, како и зачувување на природното богатство и културното наследство. |

**Мисија**

Мрежата за рурален развој на Република Македонија гради партнерства и остварува стратешка соработка, за влијание врз политиките за рурален развој на локално и национално ниво, ја поддржува и ангажира руралната заедница, преку активности за градење и искористување на нивните способности, вештини и знаења, и промовира и застапува ставови кои поттикнуваат услови за еднаков развој и одржливо искористување на природните ресурси.

**Општа цел 1:** Застапување пред носителите на одлуки за креирање на политики, што ги штитат и промовираат правата и интересите на руралното население, и придонесуваат за еднаков и одржлив развој на руралните средини;

**Општа цел 2:** Вмрежување и воспоставување на соработка со надворешни организации и чинтели (вклучително и медиумите) за размена на искуства и добри практики, како и промовирање на правата и интересите на крајните корисници;

**Општа цел 3:** Градење на сопствените капацитети и на капацитетите на членките, и јакнење на процедурите за работа, со цел зголемена ефикасност и ефективност во работењето.

Задачи на Мрежата се:

- Одредување на приоритети за развој на земјоделството, туризмот и другите дејности во руралните подрачја и нивна промоција;
- Следење на законската регулатива на полето на рурален развој на национално, регионално ниво и н аниво на ЕУ;
- Следење и информирање на јавни повици и тендери од интерес за членовите на Мрежата;
- Промовирање на сознанијата за значењето на руралниот развој;
- Соработка со релевантните национални и локални институции, а особено Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство;
- Соработка со релевантни меѓународни институции, вклучувајќи меѓународни оргнаизации од областа на руралниот развој, Европската мрежа за рурален развој, како и институциите на Европската Унија;
- Размена на знаења и искуства од областа на руралниот развој;
- Конзистентно да ги насочи и планира помошта и подршката која ќе ја остварува во рамки на програмските активности;
- Да поддржи раст на сопствените ресурси во подрачјата каде ќе дејствува и проектите во кои ќе се вклучи;
- Обука на различни нивоа и слушатели (обука и образование на возрасни; техничко и стручно образование, претприемништво итн), а особено на стручни тимови кај членките на Мрежата за теми од областа на руралниот развој.

## 5. КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИ

Главната намера за комуникација со целните групи од рурален развој е истите да се запознаат со Мрежата, која е целта на нејзиното постоење и кои се придобивките кои таа ги нуди. Комуникацијата со членовите и потенцијалните членови на Мрежата треба да овозможи нивно информирање за веќе превземените, но и за идните планирани активности на Мрежата, за поттикнување на вклученост на заинтересираните страни, за препознавање на потребите на локалните партнери преку кои ќе се овозможи развој на локалните субјекти и на мрежата во целина.

За остварување на главната комуникациска намера поставени се следните цели:

- Запознавање на целните групи со Мрежата и нејзините активности;
- Да се поттикне и зголеми учеството на различните целни групи во Мрежата;
- Да се поттикне свесноста на различните заинтересирани страни за значењето и активностите на Мрежата;
- Да се обебеди поддршка на Мрежата.

За постигнување на овие цели, ќе се оствари комуникација со различните целни групи и ќе се употребат соодветни методи за комуникација кои ќе одговараат на секој поединечна целна група.

## 6. ЦЕЛНИ ГРУПИ

Целните групи на кои се однесуваа планот за комуникација и видливост се:

1. Редовни членови на Мрежата;
2. Вонредни членови на Мрежата
3. Партнери на Мрежата;
4. Корисници на Мрежата;
5. Институции на власта од централно и локално ниво.
6. Јавноста и потенцијални членови на Мрежата;

Подолу е претставена матрица за комуникација со целните групи која содржи опис на целната група, комуникациската порака за соодветната целна група, комуникацискиот канал кој ќе се користи за целната група. Матрицата ги содржи и ефектите кои треба да се предизвикаат од комуникациските активности.

## 7. КОМУНИКАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

Мрежата ќе подготви основен информативен пакет во кој се вклучени основни промотивни материјали во форма на флаери, лифлети и сл; јавно информирање преку медиумите (печатени и електронски); одржување на специфични работилници и семинари; јавни настани и друго.

Редовните и вонредните членови на Мрежата, како и партнерите и корисниците на мрежата ќе бидат континуирано информирани за активностите на мрежата, но и ќе се поттикнуваат да разменуваат и споделуваат информации за мрежата за да може успешно да се остваруваат задачите на Мрежата.

Преку комуникациските пакети наменети за институциите на власта од централно и локално ниво поврзани со рурален развој ќе се оствари соработка помеѓу Мрежата и институциите, а информациите кои произлегуваат од партнерите ќе станат достапни на нивните членови, корисници, соработници и слично.

Јавноста и потенцијалните членови на Мрежата ќе бидат постојано информирани за активностите на Мрежата за да се обезбеди можност за постојано приклучување на нови членови мобилизирани на начин предвиден во Статутот и другите акти на Мрежата.

Комуникациските активности подразбираат употреба на сите комуникациски алатки опишани во точка 8, на начин кој ќе овозможи предизвикување ефект предвиден во матрицата за комуникација со целните групи. Оваа комуникациска стратегија се заснова на принципот на двонасочна размена на информации **мрежа – целна група.**

## 8. КОМУНИКАЦИСКИ АЛАТКИ

Комуникациските алатки се инструменти кои што се користат за што подобро разбирање и спроведување на процесот на комуникација. Алатките за комуникација служат за поттикнување и презентација на комуникацијата која најчесто е текстуална а може да биде аудио и видео комуникација. Истите служат за навремено, брзо и лесно спроведување на комуникациските активности.

Комуникациските алатки во текот на имплементацијата на Планот за комуникација ќе се употребуваат во согласност со потребите на учесниците во Мрежата и други заинтересирани страни.

Комуникациски алатки кои ќе ги користи Мрежата се следниве:

### *I. Веб страна*

Покрај другите содржини на Стратегијата за комуникација постои и ВЕБ страна како една од сетот на алатки за комуникација, која што се користи како алатка за транспарентност на Стратегијата за комуникација и за дистрибуирање на релевантни и навремени информации за

различни теми како и информации за јавноста. ВЕБ страната е подготвена на македонски, англиски и албански јазик.

ВЕБ страната е отворена и транспарентна за комуникација помеѓу сите чинители во Мрежата со што ќе се придонесе за нивна побрза, попрецизна и навремена комуникација.

Таа ги содржи сите релевантни податоци за Мрежата како и информации за Стратегијата за комуникација. Со нив ќе бидат опфатени комуникациските политики, алатките, плановите, како и членовите кои што ја сочинуваат мрежата но и останатите чинители.

Исто така ВЕБ страната ќе ги содржи политиките за рурален развој, националната легислатива, националните програми за земјоделството и руралениот развој, информации за ИПАРД програмата, можностите за билатерална соработка итн.

Покрај другите содржини ВЕБ страната ќе ги содржи информации како што се: е-билтен, линкови со општините, линкови со државни институции, линкови со европски институции, приватни фирми, невладини организации, формулари за апликации итн.

Во исто време ќе постојат и рубрики за прашања и одговори како и простор за информации и најави за најразлични случувања.

WEB hosting компанијата ќе обезбеди сервер, администраторски привилегии, непрекинат физички пристап до ВЕБ страната,достапност до страната како и секојдневно ажурирање на ВЕБ страната со нови податоци, превод на документи и содржини,бројач на посети итн. Покрај ВЕБ страната Стратегијата за комуникација ќе се се имплементира и со предвидување на други комуникацски алатки.

### *II. Електронски билтен*

Билтенот е важна алатка на Мрежата во процесот на информирање на своето членство и во спроведувањето на Стратегијата за комуникација. Тој вообичаено ќе ги содржи информациите за главните теми и активностите на Мрежата кои се од интерес на членовите во мрежата за рурален развој и на пошироката јавност, но и информации за активностите на членките на Мрежата. Билтенот ќе се издава двапати годишно и ќе се дистрибуира по електронски пат до членовите на Мрежата, до сите релевантни чинители како МЗШВ, АПРЗ, АФПЗРР, PREPARE, ENRD, EU Commission, партнери и соработници на Мрежата. Билтенот ќе биде поставен на веб страницата на Мрежата.

Билтенот треба да ќе биде обезбеди навремено и квалитетно информирање и тоа:

- Соодветно објавување на информации за активностите на тематските групи, случувања во Мрежата и нејзините активности;
- Објави за реализирани активности на членките на Мрежата;
- Објави за постигнатиот напредок на поединци или работни групи во Мрежата;
- Извештаи за конференции и состаноци;
- Информации за преземените чекори и достигнувања;
- Информации за настани што се реализирале;

- Политиките на државата и на ЕУ поврзани со земјоделството и руралниот развој.

### *III. Социјални мрежи*

Успешниот развој на руралната заедница е процес на помагање на заедницата да се зајакне и да се развива кон својот целосен потенцијал. Комуникацијата е клучна компонента на секој одржлив развој. Ангажирањето луѓе за целите на развој на заедницата е важно, но членовите на заедниците можат да бидат ангажирани само кога комуникацијата е ефективна. Добрата комуникација во заедницата води кон успешни заеднички напори и трансформација на заедница која со текот на времето помага да се донесат социјални промени меѓу маргинализираните и ранливите групи во заедницата. Успешната комуникација ќе им помогне на луѓето да се придвижат кон заедничкиот модел на учество, благодарност и еднаквост во заедницата.
Денес е светот на технологијата и социјалните медиуми играат многу важна улога во развојот на руралните области. Социјалните медиуми се однесуваат на веб-базирани алатки и медиуми кои им овозможуваат на корисниците лично и неформално да комуницираат, создаваат, споделуваат, добиваат и разменуваат информации и идеи во
виртуелни заедници и мрежи. Социјалните медиуми ги вклучуваат сајтовите за социјално вмрежување, блоговите и микро-блогови, форуми, дискусии и групи, викија, социјално интегрирани текстуални пораки услуги, видеа и подкасти и многу други.

Социјалните медиуми се однесуваат на средствата за интеракции меѓу луѓето во кои тие создаваат, споделуваат и / или разменуваат информации и идеи во виртуелни заедници и мрежи. Во овој план ќе се користат Facebook,Twitter и Youtube. Ажурирањето на овие мрежи треба да биде редовно, идеално е еднаш дневно.
**Блог -**овозможува дискусија/коментирање на одредена тема која е од важност за членките на Мрежата. Типичен блог комбинира текст, дигитални слики и линкови до други блогови, веб страници и други медиуми поврзани со темата.

### *IV. Тематски групи*

Тематската работа на МРР всушност претставува примена на пристапот од долу на горе во пракса каде што своите ставови во однос на руралниот развој МРР ги гради преку целосно вклучување на своите членки и други релевантни чинители од руралните средини за да ги постигне своите стратешки цели.
Тематската работа во МРР се состои од креирање на Тематски работни групи на клучните учесници во руралниот развој, преку организирање на семинари и работилници, подготовка на тематски публикации и други информативни материјали.
МРР ја дефинираше својата работа на 4 главни теми, а секоја од нив се фокусира на специфични под-теми , претходно дефинирани со членките и раководството на МРР. Во текот на работата на секоја главна тема, бројот на под-теми може да се зголемува согласно со потребите на членовите:

**Конкурентни рурални области**
- Земјоделство и храна
- Претприемништво
- Паметни села
- Рурален туризам и културно наследство

**Зелена рурална економија**
-Животна средина и ефикасно управување со природни ресурси
- Адаптација и митигација кон климатските промени

**Социјална вклученост**
-Родова еднаквост и јакнење на руралната жена
-Рурална младина

**LEADER/CLLD пристап**

Тематската работа има за цел да ги исполни следните цели:

- Идентификација на клучните приоритети и предизвици што би можеле да се спроведат преку стратегијата и акцискиот план на МРР
- Споделување искуства кои водат до успех, како што се корисни мерки, алатки и пристапи.

## *V. Настани (состаноци, средби, кампањи, вмрежување)*

*Состаноци (средби)*
Целта на средбите ќе биде во согласност со потребите. Најчесто имаат цел нешто да презентираат, да се разгледаат одредени прашања и да се заземе став или да се разгледа одреден проблем за да се најде решение.

Посебно се ефикасни заради директниот контакт со другата страна и добро е да се практикуваат за подобро запознавање со работата и целите на мрежата со потенцијални нови членови или при ситуации за зајакнување на комуникациите со постоечките.

*Кампањи*

Ова е сеопфатна алатка која вклучува повеќе компоненти (размена на пораки, контактирање со луѓе, односи со медиумите, и сл.) за да се постигне одредена цел. Ваквите настани ќе бидат организирани со цел ефикасно пренесување на порака до целна индивидуа, локална, регионална или национална публика.

*Вмрежување*

Настаните за вмрежување имаа за цел да им се овозможи на членките меѓусебно да се запознаат, да разменат искуства и знаење, да воспостават партнерства.

## *VI. Соопштение за медиуми*

Соопштението се подготвува и испраќа по организација на настан за да се зголеми опфатот на медиумите. Се подготвува листа на медиуми до кои ќе се праќа соопштението.

**Леток за Мрежата**

Летокот обезбедува концизен преглед за организацијата. Ја претставува Мрежата и овозможува на партнерите, донаторите и потенцијални контакти подобро разбирање која е Мрежата, кои се Мисијата и Визијата, како и фокусот на работа. Истиот треба да биде визуелно добро подготвен за да се прикаже организацијата.

## *VII. Видливост*

Мрежата ќе продолжи со користење на веќе дизајнираните алатки за видливост лого и банер.

***Логото*** треба да биде поставено на:

- веб страна,
- промотивни материјали,
- административни документи,
- презентации за работилници, обуки итн.

***Банерот*** треба да биде поставен на сите настани организирани од Мрежата:

- работилници,
- обуки,
- состаноци,
- средби,
- јавни настани.

***Матрица за комуникација со целни групи***

| ***Р.бр.*** | ***Целна група (подредени по важност за мрежата)*** | ***Опис на целната група*** | ***Комуникациска порака која се однесува на целната група*** | ***Комуникациски канал*** | ***Ефекти од комуникациската активност*** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***1*** | Редовните членови на Мрежата | Граѓански организации од областа на рурален развој која пристапила кон Мрежата согласно статутот на Мрежата. Учествуваат во работата на Мрежата преку учество во органи и во процесот на донесување на одлуки | Редовни информации за тековните активности на Мрежата, вести, информации и сл.<br><br>Редовни информации за постигнувањата на Мрежата, за работата на органите на Мрежата и сл. | Веб страна,<br>Социјални мрежи (Facebook, Twiter, Блог),<br>Електронски билтен,<br>Тематски групи<br>Настани | Добивање на информации од целната група и информирање на целната група за состојбите, гледиштата, потребите и проблемите.<br><br>Информираност на целната група за активностите и функционирањето на Мрежата, кои ќе овозможат поефикасно функционирање на Мрежата.<br><br>Транспарентност во работењето. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***2*** | Вонредните членови на Мрежата | Учествуваат во расправите, дебатите и придонесуваат за одржлив развој на руралните средини работата на Мрежата. | Редовни информации за тековните активностите на Мрежата, вести, информации и сл. | Веб страна,<br>Социјални мрежи (Facebook, Twiter, Блог),<br>Електронски билтен,<br>Тематски групи<br>Настани | Вонредните членови со својата активност конструктивно придонесуваат за развој на Мрежата и на областа во која таа дејствува.<br><br>Информираност на целната група за активностите и функционирањето на Мрежата, кои ќе овозможат поефикасно функционирање на Мрежата<br><br>Транспарентност во работењето. |
| ***3*** | Партнерите на Мрежата | Даватели на услуги или соработници на Мрежата. | Редовни информации за тековните активностите на Мрежата, вести, информации и сл. | Веб страна,<br>Социјални мрежи (Facebook, Twiter, Блог),<br>Електронски билтен,<br>Тематски групи<br>Настани | Информираност на целната група за активностите и функционирањето на Мрежата, кои ќе овозможат поефикасно функционирање на Мрежата .<br><br>Добивање на информации од целната група за состојбите, гледиштата и проблемите, со цел ефикасно спроведување на потребните активности .<br><br>Транспарентност во работењето. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***4*** | Корисниците на Мрежата | Физички или правни лица кои користат услуги т.е. погодности од Мрежата. | Редовни информации за тековните активностите на Мрежата, вести, информации и сл. | Веб страна, Социјални мрежи (Facebook, Twiter,Блог), Електронски билтен, Настани | Информираност на целната група за активностите и функционирањето на Мрежата, кои ќе овозможат поефикасно функционирање на Мрежата .<br><br>Корисниците ефикасно ги користат услугите и погодностите кои ги нуди Мрежата согласно нејзините интерни акти.<br><br>Подигнување на капацитетите за достигнување на современите стандарди за квалитет на производи и услуги во полза на подобрена конкурентност.<br><br>Вклученост на целната група во активностите на мрежата.<br><br>Транспарентност во работењето |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***5*** | Институциите на власта од централно и локално ниво поврзани со рурален развој | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br><br>Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој<br><br>Агенција за поттикнување на равој на земјоделството<br><br>Центрите за развој на планските региони<br><br>Единици на локална самоуправа (урбани кои поседуваат рурални области и рурални) | Активно учество на институциите во развојот на Мрежата како извори на информации кои се  непосредни и изворно доагаат од руралните средини и поддршка на Мрежата. | Веб страна,<br>Социјални мрежи (Facebook, Twiter,Блог),<br>Електронски билтен,<br>Тематски групи<br>Настани | Информации, податоци, вести и слично чиј извор се институциите, се достапни навремено за сите заинтересирани страни во мрежата за рурален развој.<br><br>Информираност на институциите за активностите на мрежата за рурален развој како и состојбите, гледиштата, потребите и проблемите на субјектите кои учествуваат во мрежата.<br><br>Транспарентност во работењето. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| *6* | Јавноста и потенцијалните членови на Мрежата | Чинители од руралните средини<br>Медиуми | Клучно за руралниот развој е да се искористат сите ресурси на руралните подрачја.<br><br>Постигнување на ефикасност, контрола на квалитет и сертифицирањето на производите и услугите на претприемачите во руралните подрачја ја подобрува нивната конкурентност на домашниот, но и на меѓународните пазари.<br><br>Вмрежувањето, размената на знаењата и искуствата и на информациите се основа за развој на конкурентен бизнис.<br><br>Информации за извори на финансирање проекти, субвенционирање и сл. | Веб страна,<br>Социјални мрежи (Facebook, Twiter,Блог),<br>Електронски билтен,<br>Настани<br>Соопштенија за медиуми | Добивање на информации од целната група за состојбите, гледиштата, потребите и проблемите на субјектите можни членови, партнери или корисници на Мрежата.<br><br>Економијата во руралните подрачја е жива, флексибилна и пазарно ориентирана.<br><br>Подобрена информираност за современите пазарни трендови во земјата и надвор.<br><br>Подигнување на капацитетите за достигнување на современите стандарди за квалитет на производи и услуги во полза на подобрена конкурентност.<br><br>Вклученост на целната група во активностите на Мрежата.<br><br>Транспарентност во работењето. |

## 9. ЕВАЛУАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА КОМУНИКАЦИЈА

Заради континуирано подобрување на комуникацијата со целните групи ќе се спроведува евалуација на Планот.

Методите на евалуација ќе бидат различни и тоа:

a. истражувања на мислење,
b. медиа мониторинг (следење на објави, вести и сл. кои се однесуваат на Мрежата),
c. број на посети на веб страната, апликации и слично,
d. фокус групи,
e. интервјуа,
f. други средства.

Која метода ќе биде употребена ќе зависи од аспектот кој се мери а индикативен избор е содржан во следната табела.

| Ред.бр | Цел на планот за комуникација и видливост | Метод на евалуација |
|---|---|---|
| 1 | Запознавање на јавноста со Мрежата и нејзините активности; | a; b; c;e, f |
| 2 | Да се поттикне и зголеми учеството на различните целни групи во Мрежата; | a; b; c; d; f |
| 3 | Да се поттикне свесноста на различните заинтересирани страни за значењето и активностите на Мрежата; | a; e;d; f |
| 4 | Да се обезбеди поддршка на Мрежата. | a; b; c; d; e; f |